## Кога ќе добиете упат за КТ скенирање со ниска доза на зрачење, ќе треба:

- Да проверите кај вашиот доктор каде е достапна проверка за рак на белите дробови во вашата област.
- Закажете термин за вашето скенирање во локалната клиника за радиологија или во мобилната единица за проверка (во некои рурални и оддалечени области). Medicare ќе го покрие вашето скенирање.
- Да направите бесплатно КТ скенирање со ниска доза на зрачење.

## По вашето КТ скенирање со ниска доза на зрачење, ќе треба:

- Да проверите дали вашите податоци за контакт во NCSR се најнови.
- Да ги очекувате резултатите. Од NCSR ќе ве известат што треба да правите следно. Тоа може да биде со потсетник (преку текстуална порака или писмо) да направите проверка за две години (доколку се утврди дека сте со многу мал ризик) или да отидете повторно кај вашиот доктор за да ги добиете вашите резултати.
- Да го посетите вашиот доктор за да ви даде нов упат за КТ скенирање за да можете повторно да направите проверка откако ќе добиете потсетник од NCSR.

Доколку ги исполнувате условите, треба да правите проверка секои две години додека не наполните 70 години. Редовната проверка на секои две години е најдобриот начин за рано откривање на ракот на белите дробови, кога тој полесно се лекува.

Важно е да правите проверка за рак на белите дробови дури и ако се чувствувате добро.

Програмата е наменета за луѓе кои се изложени на најголем ризик од рак на белите дробови, но ако сега не ги исполнувате условите, сепак може да бидете изложени на ризик.

Ако сега не ги исполнувате условите да учествувате во програмата поради вашата возраст или историја на пушење, можеби ќе ги исполнувате условите во иднина. Редовно проверувајте со вашиот доктор за да видите дали ги исполнувате условите да правите поверка за рак на белите дробови во рамките на програмата.

Важно е да го посетите вашиот доктор доколку ви се појават какви било нови знаци или симптоми на рак на белите дробови, како што се искашлување крв или отежнато дишење без причина, дури и ако вашиот последен резултат од проверката за рак на белите дробови покажал многу мал ризик.

---

## Дали програмата функционира?

Истражувањата за проверка за рак на белите дробови од Соединетите Американски Држави и Европа покажуваат дека до 70% од случаите на рак на белите дробови се откриваат во раните фази, кога лекувањето е полесно или можно е целосно излекување. [2,3]


1. Medical Services Advisory Committee. 1699 – National Lung Cancer Screening Program Public Summary Document [Internet]. Canberra, Australia: Australian Government Department of Health; 2022 Jul [cited 2024 Mar 28]. Report No.:1699. https://www.msac.gov.au/applications/1699.
2. Aberle, D. et al. National Lung Screening Trial Research Team. Reduced lung cancer mortality with low-dose computed tomographic screening. *New England Journal of Medicine* 365, 395–409 (2011).
3. De Koning, H. J. et al. Reduced lung-cancer mortality with volume CT screening in a randomized trial. *New England Journal of Medicine* 382, 503–513 (2020).


DT0004838_V01

Australian Government

NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM



**За повеќе информации за Националната програма за проверка за рак на белите дробови:**

www.health.gov.au/nlcsp

Quitline 13 7848

**За помош да се откажете од пушење:**

**www.quit.org.au**

Macedonian | Македонски

NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM



# ШТО Е НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРОВЕРКА ЗА РАК НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ?



Од јули 2025 година, лицата во Австралија кои исполнуваат услови ќе можат да учествуваат во проверка за рак на белите дробови преку Националната програма за проверка за рак на белите дробови (National Lung Cancer Screening Program).[1]

Проверката е начин за откривање знаци на рак кај луѓе кои немаат никакви симптоми. Целта е ракот да се открие рано, кога е полесно да се лекува.

При проверката за рак на белите дробови се користи КТ скенирање (снимање со компјутерска томографија) со ниска доза на зрачење за да се пронајдат мали грутки, наречени нодули (јазли).

Со проверката за рак на белите дробови можат да се откријат 70% од случаите на рак на белите дробови во раните фази, пред да се појават какви било симптоми и кога лекувањето е најефикасно.[2,3]

## Исполнување на услови

Имате право да учествувате во програмата ако ги исполнувате следните услови:



**Се на возраст од 50 до 70 години**

**И**



**Немаат симптоми или знаци што укажуваат на рак на белите дробови**

(на пример, необјаснета и постојана кашлица, искашлување крв, отежнато дишење без причина)

**И**



**Пушат цигари или имаат историја на пушење цигари**

(престанале да пушат во последните 10 години)

**И**



**Имаат историја на пушење цигари од најмалку 30 „pack-years“ („кутии-години“)**

(на пример, едно кутија цигари дневно 30 години или 2 кутии цигари дневно 15 години)

За да види дали исполнувате услови да учествувате во програмата, вашиот доктор ќе побара да разговарате за вашата историја на пушење цигари за да го утврди вашиот број на „pack-years“. „Pack-years“ е начин за пресметување на бројот на цигари што едно лице ги испушило во одреден временски период.

30 „pack-years“ е исто како да сте пушеле по една кутија од 20 цигари секој ден во текот на 30 години. Можеби не ќе можете точно да се сетите, па затоа вашиот доктор може да ви помогне да го пресметате вашиот број на „pack-years“ врз основа на проценка колку цигари сте пушеле и колку години.

Важно е да ја споделите оваа информација со вашиот доктор за да се утврди дали исполнувате услови да учествувате во програмата за проверка. Пресметувањето на бројот на „pack-years“ е „несовршена наука“ и давателите на здравствени услуги треба да го користат нивното клиничко мислење и да направат најдобри проценки за да го пресметаат бројот на „pack-years“ при утврдувањето дали се исполнети условите за учествување во програмата.

Откако лицето ќе почне да учествува во програмата, не е потребно повторно да се оценува условот за учество во програмата врз основа на неговата историја на пушење.

## Што треба да направам?

1. Доколку мислите дека можеби исполнувате услови да учествувате во програмата, разговарајте со доктор кој ќе оцени дали тоа е така. Ќе ви треба упат за да го направите скенирањето. Ако вашиот доктор не наплаќа за своите услуги директно од Medicare (bulk bill), можеби ќе треба да платите за консултацијата. Самото скенирање е бесплатно и се покрива со Medicare.
2. Ако мислите дека некој што го познавате можеби ги исполнува условите да учествува во програмата, поттикнете го да разговара со својот доктор. Тоа може да биде пријател, родител, баба или дедо, или друг член на семејството. На лицето можеби ќе му биде потребна дополнителна поддршка за да разговара со својот доктор.
3. Прашајте го вашиот доктор за предностите и потенцијалните ризици од проверката за рак на белите дробови. Разговарајте за работите што ги претпочитате за да донесете одлука и да разговарате дали проверката за рак на белите дробови е соодветна за вас.
4. Вашиот доктор ќе провери дали можете да направите КТ скенирање со ниска доза на зрачење. Ако неодамна сте имале здравствен проблем, скенирањето можеби не е соодветно за вас во овој момент. На пример, доколку сте имале КТ скенирање во последните 12 месеци поради други здравствени проблеми или сте имале COVID-19 во последните 12 недели.
5. Доколку исполнувате услови, можете да направите проверка и се согласувате да учествувате во програмата за проверка за рак на белите дробови, вашиот доктор ќе ве даде упат за бесплатно КТ скенирање со ниска доза на зрачење, што го покрива Medicare.
6. Со ваша согласност, вашиот доктор ќе ве регистрира во Националниот регистар за проверка за рак (National Cancer Screening Register - NCSR). Тоа ќе ви помогне околу проверките за рак на белите дробови така што вам ќе ви испраќаат потсетници, а на вашиот доктор ќе ги испраќаат вашите резултати. Можете да учествувате во програмата за проверка за рак на белите дробови дури и ако не сакате да бидете регистрирани во NCSR. Но, нема да добивате потсетници или каква било комуникација од NCSR ако одлучите да не се запишете во регистарот.